**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

# Образложение на одлуките за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево и на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга

I. Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 04.07.2025 година, донесе одлука за избор СОИ бр.5/25 од 04.07.2025 година, со која за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево е избран јавниот обвинител Виолета Стојаноска.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објави оглас бр.08-60/1 од 17.04.2025 година за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево („Службен весник на РСМ" бр.83/25 од 23.04.2025 година).

На објавениот оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево се пријави еден кандидат со уредна документација и кој ги исполнува условите согласно законот.

Советот формираше Комисија која спроведе интервју со кандидатот на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.

Од одржаното интервју Советот имаше можност да го цени претходното работно искуство на кандидатот, неговата стручност, способност за правна анализа, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, како и способноста за комуникација, професионалниот однос, посветеност кон јавнообвинителската работа, познавањата на јавнообвинителскиот систем и ставовите за понатамошен развој. Сето ова беше земено во предвид во корелација со потребите и предизвиците во работата на Основното јавно обвинителство Кичево, како и околноста дека јавниот обвинител веќе во два мандати била основен јавен обвинител на ОЈО Кичево, а и во моментот ја врши функцијата - вршител на должност Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, што е уште еден доказ поради нејзиното долгогодишно искуство дека истата успешно ќе ја обавува функцијата и во овој мандат.

На седницата одржана на 04.07.2025 година, во текот на дискусијата членовите на Советот ги образложија своите ставови за начинот на гласање и кандидатот Виолета Стојаноска го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови од Советот.

Согласно член 61 став 1 и член 62 став 1 алинеја 7 од Законот за јавното обвинителство, кандидатот ги исполнува општите услови за избор на јавен обвинител и посебните услови за избор на основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство.

Кандидатот Виолета Стојаноска има вкупен работен стаж од 33 години и 2 месеци, а работен стаж по положен правосуден испит од 29 години и 4 месеци. Во 2003 година била именувана за Заменик јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево, а во 2009 година била избрана за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кичево без ограничување на мандатот. Со одлука на Советот на јавните обвинители од 12.11.2009 година била избрана за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, на која функција била повторно избрана на 03.12.2013 година. За вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево за време не подолго од 6 месеци е избрана на 18.02.2025 година.

**II.** Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 04.07.2025 година, донесе одлука за избор СОИ бр. 5/25 од 04.07.2025 година, со која за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга е избран јавниот обвинител Никола Јолески.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објави оглас бр.08-29/1 од 06.02.2025 година за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга („Службен весник на РСМ“ бр.29/25 од 11.02.2025 година).

На објавениот оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга се пријави еден кандидат со уредна документација и кој ги исполнува условите согласно законот.

Советот формираше Комисија која спроведе интервју со кандидатот на огласот за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга.

Од одржаното интервју Советот имаше можност да го цени претходното работно искуство на кандидатот, неговата стручност, способност за правна анализа, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, како и способноста за комуникација, професионалниот однос, посветеност кон јавнообвинителската работа, познавањата на јавнообвинителскиот систем и ставовите за понатамошен развој. Сето ова беше земено во предвид во корелација со околноста дека јавниот обвинител доаѓа токму од тоа основно јавно обвинителство и добро ги познава состојбите и предизвиците во работата со кои се соочува Основното јавно обвинителство Струга.

На седницата одржана на 04.07.2025 година, во текот на дискусијата членовите на Советот ги образложија своите ставови за начинот на гласање и кандидатот Никола Јолески го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови од Советот.

Согласно член 61 став 1 и член 62 став 1 алинеја 7 од Законот за јавното обвинителство, кандидатот ги исполнува општите услови за избор на јавен обвинител и посебните услови за избор на основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство.

Кандидатот Никола Јолески има вкупен работен стаж од 22 години и 4 месеци, а работен стаж по положен правосуден испит од 21 година и 2 месеци. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга е избран во месец март 2011 година и оттогаш ја врши оваа јавнообвинителска функција, со тоа што истиот на 17.04.2025 година е избран за вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга за време не подолго од 6 месеци.